**20181041948**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 31/93, 66/07, 86/08 и 148/15), Министерството за внатрешни работи објавува

## ЛИСТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06 и 208/15), во дел I. „СТОПАНСКИ ЕКСПЛОЗИВИ“ по точката 46, се додаваат осум нови точки 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53 и 54, кои гласат:

„47. Стопански експлозив „АМОНИТ“ - патрониран стопански експлозив со пречник од Ø28мм до Ø80мм, производство на компанијата EXTRACO S.A. Атина, Република Грција, издаден акт – Решение за пуштање во промет бр. 19.11.3-30112/1 од 01.11.2010 година;

48. Стопански експлозив „TREMEX 70“ – тежок АНФО експлозивен материјал, произведен во специјално возило за таа намена, производство на ДПТ „ЕКСПЛОТЕЦ МАЦ“ ДОО Скопје, Република Македонија, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет Ев. бр. 12.2-61888/4 од 28.12.2015 година;

49. Стопански експлозив „AMOLIT 100“ – АНФО експлозивен материјал, произведен во специјално возило за таа намена, производство на ДПТ „ЕКСПЛОТЕЦ МАЦ“ ДОО Скопје, Република Македонија, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет Ев. бр. 12.2-61888/4 од 28.12.2015 година;

50. Стопански експлозив „ДИНЕКС ГОЛД“ (DYNEX GOLD) – патрониран емулзивен експлозив со пречник Ø28мм и Ø32мм, производство на компанијата „FERIDE KIRLIOGLU PATLAYICI TICARETI“ од Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-34266/2 од 09.06.2017 година;

51. Стопански емулзивен експлозив „EXPLOGEL 100“ осетлив на детонаторска каписла, производ на фирмата „ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol“ од Гревена, Република Грција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-34079/4 од 30.08.2017 година;

52. Стопански емулзивен експлозив „SUPERPOWER 90“, со дијаметар од Ø27-50мм, осетлив на каписла, производство на компанијата „Solar Patlayici Maddeler Sanayi A.S.“ од Република Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

53. Стопански емулзивен експлозив „SOLARGEL – E“, со дијаметар од Ø65-120мм, осетлив на каписла и бустер, производство на компанијата „Solar Patlayici Maddeler Sanayi A.S.“ од Република Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

54. Стопански емулзивен експлозив „EXPLOGEL 200“ осетлив на детонаторска каписла, производ на фирмата „ELTEK Hellenic Explosives Technology LTD Agalaiol“ од Гревена, Република Грција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-6387/2 од 19.02.2018 година.“

Во дел II. „СРЕДСТВА ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ЕКСПЛОЗИВИ“ по точката 24 се додаваат шест нови точки 25, 26, 27, 28, 29 и 30, кои гласат:

„25. Неелектрични тунелски детонатори „INDETSHOCK /SHOOCKSTAR Tunel Series“ од 3м до 6м, со милисекундно забавување од 30 бројни периоди од 25мs до 9000мs, неелектрични збирни конектори „SHOOCKSTAR Surface conector“ со милисекундно забавување од 0мs, 17мs, 25мs, 42мs и 67мs и како составен дел на неелектричниот збирен конекторски систем „BUNCH CONECTOR“ - конектор за иницирање на неелектрични конектори и неелектрични тунелски детонатори, производство на „AUSTIN DETONATORS SRO“ од Всетин, Република Чешка, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет Ев. бр. 11.2 – 50185/2-11 од 21.08.2011 година;

26. Неелектрични детонатори „SUPREMEDET S DTH“, со одложено дејство, (активирање 450 и 500 ms, со должина на шок цевка 4, 5, 6, 8, 10, 12, 15, 18, 21, 24 mt), производство на компанијата „Solar Patlayici Maddeler Sanayi A.S.“ од Република Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

27. Неелектрични детонатори „SUPREMEDET S STL“, со одложено дејство (активирање 17, 25, 42, 65, 100 ms, со должина на шок цевка 4, 5, 6, 8, 10 mt), производство на компанијата „Solar Patlayici Maddeler Sanayi A.S.“ од Република Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

28. Неелектрични детонатори „SUPREMEDET S LP“, со одложено дејство (активирање 100, 200, 300, 400, 500, 600, 700, 800, 900, 1000, 1200, 1400, 1600, 1800, 2000, 2500, 3000, 3500, 4000, 4500, 5000, 5500, 6000, 6500 ms, со должина на шок цевка 3, 4, 5. 6 mt), производство на компанијата „Solar Patlayici Maddeler Sanayi A.S.“ од Република Турција, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

29. Електрични детонатори „SUPREME“, со интервал на одложување 25, 50, 100, 200, 300, 500 ms, со должина на детонаторска жица од 1,5-5 mtrs, производство на компанијата „Economic Explosives Ltd“ од Индија, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;

30. Рударска каписла бр. 8 (обичен детонатор) „SUPREME“, (Plain detonator NO. 8 SUPREME), производство на компанијата „Economic Explosives Ltd“ од Индија, издаден акт – Одобрение за пуштање во промет бр. 12.2-49467/5 од 07.12.2017 година;“

Бр.13.1.1- 43732/1
29 мај 2018 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.